Институт за филозофија
Скопје
80 години

15-16.09.2026

# Филозофијата и стварноста

Меѓународна конференција

Филозофски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Институт за филозофија
Скопје
80 години

Меѓународна конференција
Филозофијата и стварноста

# Повик за учество

## Меѓународна конференција

**ФИЛОЗОФИЈАТА И СТВАРНОСТА**
**80 години Институт за филозофија**
Скопје, 15–16 септември

Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет – Скопје со задоволство ги поканува научниците, истражувачите и практичарите да учествуваат на меѓународна конференција по повод **80 години од основањето на Институтот за филозофија**.

Досега потврдени пленарни говорници се: **Стивен Прист од Универзитетот во Оксфорд** и **Марија Кармен Велајос Кастело од Универзитетот во Саламанка**.

# Филозофијата и стварноста

Во раздобје обележано со забрзани технолошки промени, глобални кризи, социјална фрагментација и преосмислување на знаењето, вредностите и човековата дејственост, прашањето за стварноста повторно се наметнува како централна филозофска тема. Што значи денес да се зборува за стварност – материјална, социјална, виртуелна, политичка или симболичка? Како филозофските поими ја обликуваат, толкуваат, критикуваат или трансформираат проживеаната стварност? И обратно, како современата стварност ги доведува во прашање традиционалните филозофски рамки?

Целта на конференцијата е да отвори дијалог меѓу класичните филозофски проблеми и современите контексти, поттикнувајќи ја како теориската рефлексија, така и интердисциплинарната соработка. Прилозите можат да ја разгледуваат стварноста како доживеана, конструирана, посредувана, оспорувана или трансформирана во различни домени на човековиот живот.

# Предложени поттеми *(насочувачки, но не ја исцрпуваат темата)*

## Основни филозофски дисциплини

**Метафизиката и онтологијата на стварноста**
Битие и постоење; реализам и антиреализам; материјални, идеални, социјални и виртуелни стварности; плуралитет и нивоа на стварност; контингентност, нужност и можност.

**Епистемологијата и теориите на вистината**
Стварност и знаење; перцепција, репрезентација и конструирање на стварноста; објективност и релативизам; научен реализам; пост-вистина и епистемолошки кризи.

**Етиката и практичката филозофија**
Морална стварност и нормативност; вредности и факти; етички одговори на современите стварности (технологија, медицина, војна, нееднаквост); одговорност во свет на промени.

**Филозофската антропологија**
Човечка стварност и човекова состојба; телесност, ранливост и конечност; слобода и дејственост; идентитет и признавање во современите општества.

**Логиката, јазикот и стварноста**
Јазикот како медијатор на стварноста; значење, референција и вистина; формални структури и нивна применливост во реалниот свет; дискурс, наративи и врамување на стварноста.

**Филозофијата на умот**
Ментална стварност; свест и субјективно искуство; проблемот ум–тело; вештачка интелигенција и когнитивна стварност; емоции и афективен живот.

**Социјалната и политичката филозофија**
Социјална и политичка стварност; моќ, идеологија и институции; демократија, криза и колективно дејствување; јавен дискурс и манипулација со стварноста; историски процеси, темпоралност и значење на општествените промени (филозофија на историјата).

**Филозофијата на науката**
Научни репрезентации на стварноста; модели, симулации и објаснување; реализам и антиреализам; односи меѓу теорија и свет; мерење, објективност и вредности; емергенција, редукција, каузалност и научна неизвесност.

**Естетиката и филозофијата на културата**
Уметнички репрезентации на стварноста; фикција, имагинација и стварност; медиуми, слики и културни стварности; стварност и илузија во современата уметност.

**Историјата на филозофијата**
Поимања на стварноста, битието, вистината и појавноста во античката, средновековната, модерната и современата филозофија; континуитети, трансформации и критички реинтерпретации на филозофските традиции.

**Филозофијата и религијата**
Стварноста на божественото; филозофско-религиски поимања на Бог како врховна стварност; религиски светоглед(и) на стварноста; свето и профано; светогледот и перцепцијата на стварноста кај *homo religiosus*.

# Интердисциплинарни перспективи на стварноста

**Филозофијата и психологијата**
Психолошка стварност и проживеано искуство; конструирање и перцепција на стварноста; траума, ментално здравје и субјективни светови; себство и идентитет.

**Филозофијата и педагогијата**
Педагошки стварности и средини за учење; формирање на знаења и развивање на вредности; стварноста на институциите, наставните програми и педагошките практики; образование во дигитални и плурални стварности.

**Филозофијата и социологијата**
Социјално конструирање на стварноста; секојдневен живот и симболичка интеракција; институции, норми и структури на моќ; социјални имагинариуми и колективно значење.

**Филозофијата и политиката**
Политички стварности и идеологии; владеење, демократија и криза; војна, миграции и геополитички стварности.

**Филозофијата и економијата**
Економска стварност и апстракција; труд, вредност и комодификација; нееднаквост и социјална стратификација; стварноста на капитализмот, глобализацијата и прекаријатот.

**Филозофијата и технологијата/дигиталната стварност**
Виртуелни и проширени стварности; технолошка медијација на стварноста; посредувани светови; вештачка интелигенција и алгоритамско владеење; податоци, надзор и контрола; човекова дејственост во услови на дигитализација.

**Филозофијата и екологијата**
Еколошка стварност и климатска криза; односи човек–природа; еколошки граници; етички импликации на планетарните промени.

# Јазици

Официјални јазици на конференцијата се **македонскиот и англискиот**.

# Котизација

Котизацијата за учество изнесува **60 евра**.

# Упатства за пријавување

Учесниците се поканети да се пријават со пополнување на **формуларот за пријавување на конференцијата** и негово испраќање на следната електронска адреса: **80yearsphilosophy@fzf.ukim.edu.mk**

Апстрактите треба јасно да го прикажат истражувачкото прашање, методолошкиот пристап и релевантноста за темата на конференцијата.

# Важни рокови

- **Поднесување апстракт:** 10 мај
- **Известување за прифаќање:** 25 мај
- **Регистрација и уплата на котизација:** 30 јули
- **Поднесување на целосен труд:** 15 октомври

Дополнителни информации за програмата и местото на одржување на конференцијата ќе бидат доставени по прифаќањето на апстрактите.

# Објавување

Прифатените трудови, по спроведена рецензентска постапка, ќе бидат објавени во меѓународното списание **Филозофија**, кое го издава Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет – Скопје.

**Со задоволство ги покануваме колегите од областа на филозофијата и сродните дисциплини да ни се придружат во промислувањето на значењата, границите и трансформациите на стварноста.**

## МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ ОДБОР

Претседател: **Марија ТОДОРОВСКА,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија
**Оливер БАКРЕСКИ,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија
**Марија Кармен ВЕЛАЈОС КАСТЕЛО,** Универзитет во Саламанка, Шпанија
**Стелиос ВИРВИДАКИС,** Универзитет во Атина, Грција
**Зала ВОЛЧИЧ,** Универзитет Монаш, Австралија
**Патрис КАНИВЕ,** Универзитет во Лил, Франција
**Олга МАРКИЧ,** Универзитет во Љубљана, Словенија
**Вангел НОНЕВСКИ**, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија
**Стивен ПРИСТ,** Универзитет во Оксфорд, Обединето Кралство
**Ристо СОЛУНЧЕВ,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија
**Алард ТАМИНГА,** Универзитет во Граифсвалд, Германија

## ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР

Претседател: **Ана ДИМИШКОВСКА,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија
**Дејан ДОНЕВ,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија

**Јасмина ПОПОВСКА,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија
**Алма ТАСЕВСКА,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија

**Секретар**
**Фросина НОВАК,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, С. Македонија